**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** Радиодифузерите кои се во Регистарот на ДИК за ППР

**За:** Управителите/директорите и одговорните уредници

Бр. 03-3535/1
Скопје 29.09.2021г.

**Предмет:** Потсетување за обврските во врска со платеното политичко рекламирање

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Изборниот законик ја обврзува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да ги потврди извештаите за емитуваното платено политичко рекламирање (ППР) на радиодифузерите за време на изборната кампања, кои се составен дел на документацијата врз основа на која Државната изборна комисија ја врши исплатата на средствата од Буџетот на државата за оваа намена.

Согласно Упатството за потврдување на извештаите за емитувано платено политичко рекламирање (бр.01-2544/1 од 15.06.2020 година), што ви го праќаме во прилог на дописов, Агенцијата ќе ги потврди извештаите за реализирани услуги **само врз основа на претходно направени анализи на доставените документи од ваша страна и на снимките од емитуваното платено политичко рекламирање**.

Во овој контекст ве потсетуваме дека според Изборниот законик сте должни да го снимате излезниот сигнал на својата програма и снимките да ги чувате најмалку 30 дена по завршување на изборите, а на барање на Агенцијата да доставите снимки или други податоци поврзани со медиумското претставување за изборниот процес, најдоцна во рок од 48 часа од добивањето на барањето.

Бидејќи, Агенцијата во својот систем за мониторинг има снимки од повеќе програмски сервиси, засега **снимки треба да доставуваат сите локални радија и ТВ СВЕТ ДОО Свети Николе, ТВ КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, ТВК ДООЕЛ Кочани, ТВ К&М Тетово (Кисс Менада), ТВ КОБРА ДОО Радовиш и ТВ-КАНАЛ ВИС Струмица, само за реалните часови во кои ќе емитуваат ППР**. Сите други радиодифузери ќе доставуваат снимки по потреба, за периодите за кои ќе биде побарано.

Видео снимките треба да бидат направени во форматите „MPEG-4" или „AVI", а радио снимките во форматот „MP3". Снимките треба да се испраќаат преку WeTransfer, **исклучиво преку посебната адреса на електронска пошта izbori@avmu.mk**

За потребите на овој мониторинг треба да ги доставите и склучените договори за емитување ППР и медиа плановите.

Врз основа на искуството од претходниот изборен процес, ве молиме, да доставувате веќе реализирани медиа планови со внесени корекции доколку настанале промени при емитувањето од првично направените планови. Медиа плановите доставувајте ги за период од 2-3 дена.

Исто така, ве молиме, на електронската адреса izbori@avmu.mk периодично да информирате дали сте започнале со емитување ППР.

За евентуални прашања во врска со овој процес може да ги контактирате:

- Огнен Неделковски (за радијата) – на телефон: 072 212 686 или на е-маил: o.nedelkovski@avmu.mk и izbori@avmu.mk; и
- Виктор Стојанов (за телевизиите) – телефон: 078 431 949 или на е-маил: v.stojanov@avmu.mk и izbori@avmu.mk

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

---------------------------------------------------

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ